РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 02-4640/2
31-08-2011 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за одбрана, донесе

# *РЕШЕНИЕ*

## *за определување на корисници и месечни износи на средства за репрезентација во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија*

1. Со ова решение се определуваат корисниците на средства за репрезентација и месечните износи на средствата за репрезентација во Министерството за одбрана и АРМ.
2. Корисници на средства за репрезентација во Министерството за одбрана и АРМ, со максимални месечни износи за репрезентација, се лицата кои ги извршуваат следните функции – должности:

- началник на ГШ на АРМ и заменик министер - 13.000,00 денари,

- државен секретар, заменик на началникот на ГШ на АРМ и директор на ГШ на АРМ – 10.000,00 денари,

- офицери со генералски чинови кои не се опфатени со точка 2. алинеја 2 и 3. – 5.000,00 денари,

- шеф на Кабинетот на министерот, заменик на командантот на Здружената оперативна команда, началник на штаб во Здружената оперативна команда, командант на Команда за обука и доктрини, командант на полкот за специјални операции, командант на воздухопловната бригада, командант на 1-вата механизирана пешадиска бригада, командант на бригадата за логистичка поддршка – 1.700,00 денари,

- декан на Воената академија, државни советници, раководители на сектори во Министерството, шеф на кабинет на НГШ, началници од Ј-1 до Ј-9 во ГШ на АРМ - 1.500,00 денари,

- помошници на раководители на сектори, раководител на Воен музеј, одговорен за односи со јавност во Кабинетот на министерот, заменик на шеф на Кабинет на НГШ, началник на Канцеларија за односи со јавноста, заменик на началник на Штаб во ЗОК, шеф на кабинет на командантот на ЗОК, командант на Центарот за електронско извидување, командант на Баталјонот за почести, командант на Воено медицинскиот центар, командант на резервни сили, продекани и секретар на Воената академија и раководител-координатор за Европски кредит трансфер систем на Воената академија и заменик на командантот и началник на

штаб во Воените пошти 7925 Петровец, 8043 Скопје и 1969 Петровец - 800,00 денари,

– раководители на Одделенија за одбрана за региони, главниот оперативен работник во Кабинетот на министерот, заменици на началниците од Ј-1 до Ј-9 во ГШ на АРМ, началниците на Ј-1 до Ј-9 во ЗОК, ађутантот на Врховниот командант, правен советник на началникот на ГШ на АРМ, ађутант на началникот на ГШ на АРМ, извршен офицер кај заменикот на началникот на ГШ на АРМ, извршен офицер во кабинетот на директорот на ГШ на АРМ, шеф на протокол, главен подофицер во АРМ, началник на Канцеларија за правна поддршка, началник на Канцеларија за координација и менаџмент со информации, началник на Одделение за меѓуармиска соработка, команданти на баталјони, командант на ТРЦ, командант на Центар за снабдување и транспорт, командант на Центар за индивидуална обука, командант на Центар за обука на питомци, командант на Центар за поддршка на обука, командант на Центар за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции, командант на Центар за одгледување и дресура на кучиња и командантите на Гарнизоните во Петровец, Куманово, Штип, Тетово, Кичево, Прилеп, Скопје и Велес - 500,00 денари,

- раководител на Одделение за протокол, раководител на Одделение за менаџмент и набавки, команданти на касарните Чојлија и Гоце Делчев и уредниците на списанијата Штит и Современа македонска одбрана - 400,00 денари и

- комисии формирани со решение на министерот за одбрана - 150,00 денари (од состанок).

2. За корисници на средствата за репрезентација се определуваат и лицата кои се овластени да ги заменуваат лицата од точката 1 на ова решение за време на нивното отсуство од работа, за времето додека извршуваат работи и работни задачи во случај на упразнето работно место или со посебно овластување на министерот.

3. За министерот за одбрана, како корисник на средства за репрезентација во Министерството за одбрана важат месечните износи за репрезентација утврдени со правни акти на Владата на Република Македонија.

4. Износот на средствата за репрезентација од точка 1 на ова решение може да се користи само во тековниот месец и не може да се пренесува во друг месец.

5. Корисниците на средства за репрезентација се подносители на трошоците за репрезентација, за што изготвуваат записник за

искористената репрезентација или услуга и наредба за исплата врз основа на доставница и фактура изработени од Секторот за услуги. Трошоците за репрезентација се на товар на Финансискиот план на носителот на планирање на кој припаѓаат корисниците на репрезентација определени со ова решение.

6. Продажното место – **Бифе кожна сала**, може да се користи исклучиво за потребите на лицата од точка 2, алинеја 1, 2, 3 и 4 од ова решение и при одржување состаноци во кожна сала.

Останатите лица, корисници на правото на репрезентација, со работни места во зградата на Министерството за одбрана, правото на репрезентација го остваруваат исклучиво во продажното место – **Кафеџилница во Министерството за одбрана, на втори спрат.**

7. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи решението бр. 02-3209/1 од 14.05.2015 година.

8. Ова решение влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето. Решението е составен дел на Упатството за користење на угостителски услуги (репрезентација) на товар на Буџетот на Министерството за одбрана.

Изработил: Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Драган Николиќ

**Министер за одбрана**
**Радмила Шекеринска Јанковска**

Доставено до:
- заменик министер,
- државен секретар,
- државни советници,
- НГШ во АРМ,
-ЗНГШ,
- директор на ГШ,
- сите сектори во МО,
- Воена академија и
- Архива.